# Втора стручна работилница на тема Позитронска Емисиона Томографија (ПЕТ) во радиофармација

Втора стручна работилница на тема Позитронска Емисиона Томографија (ПЕТ) во радиофармација

***Министерството за здравство на Република Македонија***

*Проектна единица за имплементација на проектот*

Позитронска Емисиона Томографија (ПЕТ) во Република Македонија –

ПЕТ Центар Скопје, организира стручна работилница на тема

**Позитронска Емисиона Томографија (ПЕТ) во радиофармација**



Министерството за здравство на Република Македонија во склоп на активностите на проектот за имплементација на Позитронската Емисиона Томографија (ПЕТ) во Република Македонија – ПЕТ Центар Скопје, *на* ***1 Декември*** **2013 година**, организира **Втора стручна работилница** на тема**Позитронска Емисиона Томографија (ПЕТ) во радиофармација.**

Во работилницата ќе земат учество реномирани професори од Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип и од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“од Скопје.

Оваа работилница е прва од ваков вид во нашата република. Таа ќе биде од отворен тип за сите оние кои се заинтересирани стручно да се доусовршуваат во областа на радиофармацијата и Позитронската Емисиона Томографија. Особено поради фактот што процесот на Позитронска Емисиона Томографија (ПЕТ) ќе биде носител на радиофармацевтското производството и клиничката пракса во ПЕТ Центарот кој веќе се гради во Скопје и кој во блиска иднина ќе има потреба од ваков вид специјализирани кадри.

Темите кои ќе бидат обработени на оваа работилница ќе бидат предмет на стручно елаборирање од фармацевтски аспект и оваа е ретка можност за сите заинтересирани да се информираат и едуцираат за:

1. Вовед во ПЕТ/КТ технологија
2. ПЕТ Радиоактивни изотопи во радиофармација
3. Хемија на ПЕТ радиофармацевтици
4. ПЕТ радиофарамцевтици (карактеристики и монографии)
5. Производство на ПЕТ радиофармацевтици
6. ПЕТ во клиничка пракса

Учеството на работилницата е бесплатно.

Распоредот на предавања може да се погледне на следниот линк

Пријавувањето е преку следната ФОРМА:

https://docs.google.com/forms/d/1M28q7Mzzhk_4ccxtL7q7-Y7UqfEsr_yKpUwMC2pgZBA/viewform

Краен рок за пријавување: 30 ноември 2013, 15:00ч.

**Оваа работилница нема да биде акредитирана од Фармацевтска Комора на Македонија и нема да се бодува.**

**Сите посетители на работилницата кои успешно ќе го положат тестот за проверка на знаењето ќе добијат СЕРТИФИКАТ за успешно завршена работилница.**

*Проектна единица за имплементација на*

*Проектот Позитронска Емисиона Томографија (ПЕТ)*

*во Република Македонија –*

*ПЕТ Центар Скопје,*

Ул. Железничка бр. 30/3, 1000 Скопје

Телефон: 02-3129-006

E-mail: petcentar.skopje@zdravstvo.gov.mk